# СЕЛСКИТЕ НАСЕЛБИ ВО МАРИОВО

*Васил Даскаловски*

## Увод

Современата етапа од развојот на мрежата на селата во регионот на Мариово се одликува со бројни локални специфичности но и со низа заеднички белези карактеристични за селскиот населбински систем ва Р. Македонија. Во тој контекст мошне се забележливи типските местни одлики на мариовските села, условени од влијанието на различните-географски фактори, но истовремено се одраз и последица од особеностите на историските, општествено-економските и социјалните прилики во далечното и поблиското минато.

Процесите на најновиот развиток и ооциоекономската состојба на селата во Мариово, разгледувани низ призмата на севкупните промени во аграрната средина во нашата Република, се одвиваат и се последица од влијанието на цел комплекс фактори од најразлична природа.

Во понатамошните анализи основна цел ќе биде приказот на најновите социогеографски аспекти на проблематиката на селата во Мариово како одраз на меѓусебните влијанија на факторите од физичко-географски и социогеографски карактер.

## I. ГЕОГРАФСКО-ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА НАСТАНУВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА СЕЛАТА

Регионот на Мариово во најголем дел територијално е ограничен со средишниот тек на реката Црна. Овој простор во сообраќајно-географски поглед претставува мошне тешко пристапно подрачје. Заради клисурестиот облик на течението на реката Црна, со која започнува просторот на Мариово од западната страна, областа по воден пат е непристапна, а истовремено од сите страни е заградена со релативно високи ридести и и планиниски масиви. Во орографски поглед нема погодни планински превали, поради што низ целиот познат историски период, се до најново време, регионот на Мариово бил просторно изолирана целина. Оттаму во денешните социогеографски белези на селата се забележуваат бројни автохтони црти кои во значајна мерка се должат на затвореноста и слабите можности за комуницирање и проникнување со влијанијата на околните области, кои патем речено, претставуваат најзначајни коридори на цивилизаторските пробивања во овој дел на Балканскиот Полуостров (долината на реката Вардар) на исток и (Прилепско-Битолската Котлина) на запад.

Но и покрај тоа, врз основа на некои постари и понови историски и археолошки испитувања, може глобално да се извлече констатација дека населеноста на Мариово датира уште од пред античкиот период. Всушност, иако досега се пронајдени и истражувани сигурни пишани податоци или материјални траги во релативно мал обем, може врз основа на сознанијата за населеноста на најблиските околни простори (јужниот дел на Битолското Поле и средишна ниска Македонија), да се констатира дека корените на поинтензивното населување во Мариово се совпаѓаат со почетокот на раноантичкиот период. (1,17—31).

Прашањата за настанувањето и географско-историскиот развиток на мрежата на населибте, од овие причини (недостаток на сигурни историски податоци и извори), а заради подобра прегледност и особено поради значењето на одделните крупни општествено-историски настани, ќе ги разгледаме низ следната хронолошка периодизација).

а) *Претсловенска населеност и населби;*

Се до навлегувањето на римските легии во регионот на Мариово (II век п.н.е.), поради отсуство на позначајни ареолошки наоди, не се можни подетални реконструкции на населеноста на овој простор. Одделни археолошки остатоци укажуваат на малата веројатност дека овдека постоеле поголеми и позначајни населби за време на Пеонците и македонската држава. На позначајните стратегиски места (превалите кон Битолското, Прилепското Поле, Тиквеш и Меглен) најверојатно постоеле утврдвни населби, кои денеска се означени како градишта, меѓутоа, основната населеност ја карактеризирало номадското и полуномадското сточарско население. Во локалитетите на Рожден, Мајдан и Витолиште има остатоци од преработка на руда во времето на Римјаните, но поинтересно е дека кон крајот на опаѓањето на римското царство поради честите упади на варварските племиња, подигани се или се обновувани утврдени крепости.

б) *Средновековен период до навлегувањето на Турците*

Словенските племиња (Брсјаци), по пробивањето на Балканскиот Полуостров во VI и VII век го населуваат и просторот на Мариово, при што го асимилираат староседелското население. Се смета дека во раниот словенски период, кога ова население овдека се занимавало исклучително со сточарство, голем број од поранешните населби е разрушен и напуштен, а се формирани нови, според типот, раштркани населби. Од овој период започнува и формирање на позначајни населени пунктови (Раково, Рамно и др.), додека се поголемата несигурност и упадите на разни завојувачки походи постапно доведува до групирање на населеноста во збиен тип на села по долината на реката Црна но и по нејзините притоки како и на местата на постојните извори. Оттогаш датираат цврстите камени градби кои биле покривани со слама или камени плочи. За време на постоењето на српската средновековна држава во Мариово се подигаат значајни манастири и цркви, како задужбини на кралевите, а кон крајот на владеењето на турските вазали Дејановиќи од источна Македонија, дел од Мариово се наоѓал под управата на овие властелини. Меѓутоа, по 1371 година. а особено од крајот на XIV век, мариовските села стануваат тимари на турските паши и се принудени да плаќаат високи даноци.

в) *Турски период*

Во целиот период на турското ропство, 27 села на Мариово, иако ниту едно од нив не станало во својата историја чифлигарска населба, постојано биле по директна управа на турските паши. Врз основа на турските пописни дефтери и поновите податоци се гледа дека бројот на селата во мариовско по-стојано се менувал. Некои села од крајот на XV век (Трново, Чуманово и др.) веќе во наредниот век се раселени, а други (Костеново, Лешница, Листец, Сатока, Црничани) подоцна се разрушени и необновени.

Истовремено се формираат и нови села, но интересно е дека уште од XVI век како седиште на оваа област; се јавува селото Витолиште, кое тогаш имало 700 куќи. Основни причини за раселување на селата биле турските зулуми, но и честите епидемии, неродните години и сиромаштијата. Во средината на XVI век вршени се грабежи на деца за јаничари од Чаниште, а тогаш е запустено и селото Лисиче, кое потоа не е обновено. Кон крајот на овој век во мрежата на селата настануваат крупни промени. Повеќе од 3/4 од селата поради тешките услови за живот на населението имаат значително помал број население отколку еден век порано, а се раселуваат селата Сатока *и* Пешти. Во текот на XVII век нахијата Мариово е зафатена со масовно ајдутство, а кон крајот на овој век избувнува Мариовската буна (1689 година). Последиците од овие настани се мошне тешки за населбинската мрежа, затоа што буната набргу е страотно задушена, а најголеми материјални штети претрпеле селата Градешница, Пештани, Полчиште и др. Последните два века од турското владеење се карактеризираат со се поизразено влошување и криза во економско-политичката положба во Турското царство, што исто така, има одраз врз се поголемата несигурност на населението и појавата на анар-хијата. Но, значајно е дека во овој период селото Витолиште претставува мудир на 19 мариовски села (имало 10 заптии, егзархиско училиште, влашки ан, и др.). Формирана е мрежа на улици а населението се занимава со земјоделство и сточарство. Се проценува дека во овој период во Мариово имало меѓу 80 и 100.000 овци, од кои значителен дел биде на Власите номади или полуномади кои летниот период го минувале на Кожуф и Ниџе. Но, и покрај тоа, иселувањата се мошне интензивни, што е особено карактеристично од почетокот на XX век.

г) *Период на првата половина на XX век*

По крвавото задушување на Илинденското востание и трагичните настани во текот на балканските војни а особено со воспоставувањето на Солунскиот фронт во I-та светска војна во овој регион, мариовските села доживуваат тешки материјални и човечки страдања и загуби. Во првите две децетлетија борбата за превласт меѓу завојуваните страни доведува до страшни погроми, во кои прво страдаат селата Живово и Кален, а во текот на I-та светска војна Мариово е разделено и на овој простор се сконцентри-рани 500.000 војници и се водат тешки фронтовски борби. Во нив до темел се разурнати селата: Старавина, Груниште, Зовиќ, Рожден и др., тешко се оштетени Градешница, Бешиште, Полчиште, Витолиште и др., а уништен е речиси целиот добиточен фонд. По овие страшни разорнувања, голем број од населението на мариовските села не се вратило на старите огништа, туку трајно се иселило кон Битолското и Прилепското Поле, Тиквеш итн.

Развојот на селата во периодот по II-та светска војна и победата на Социјалистичката револуција, особено популациските промени и карактеристики, подетално ќе бидат анализирани во понатамошните излагања.

## II. ОДЛИКИ НА МИКРОПОЛОЖБАТА НА СЕЛАТА

Меѓу сегашните карактеристики на микрогеографската положба на селата, како и промените што во тој поглед настанувале во минатото во мариовскиот простор, се забележуваат тесни меѓусебни интеракции и условеност од природно-географските особености. Овој општ заклучок се

однесува како за постојаните населби така и за привремените но бројни населени места преку кои во текот на годината стопански се искористуваат богатите пасишни површини за сточарство. Вакви населби во минатото, се до крајот на II-та светска војна, биле мошне бројни во високопланинскиот простор на Ниџе, а посебно на ограноците на Кајмакчалан и на Кожуф Планина.

Тоа биле, главно, летни привремени сточарски населби на Власите сточари-номади или полуномади, кои долго низ историјата му давале особен белег на населбинскиот систем во мариовскиот простор. Имено, во историски мерните периоди, а во услови на значаен напредок на сточарствтто, се одвивале најразлични процеси на трансформација на обликот на населеноста во Мариово, кои, според В. Радовановиќ, се одликувале со „преобразба на селата од збиен тип во раштркани населби по пат на раселување, заради попрактично стопанисување". (2,126). Аналогно на овие процеси, бурните и немирните историски периоди предизвикувале обратни промени во развојот на обликот на населеноста и искористувањето на стопанските погодности на Мариово, кои предимно го овозможувале развојот на овчарството и козарството. Тогаш се формирале пунктови од збиен карактер, што придонесувало за зголемување на сигурноста и одбранбената функција на населените места.

Во зависност од наведените процеси, а во врска со специфичниот орографски и посебно геоморфолошки склоп на просторот на Мариово, овдека настанувале такви облици на локална положба на селата кои имаат автохтон карактер. Но, во поширока смисла ако се набљудуваат микрогеографските одлики на разместеноста на населбите, можат да се забележат одредени сличности со селата од висорамнинскиот дел на Витачево или со просторот од средна ниска Македонија, односно средното Повардарје.

Бидејќи воопштено гледано во просторот на Мариово изостануваат поголеми и изразити рамничарски или котлински делови, а кои се толку карактеристични за орографскиот состав на Македонија, микроположбата на селата овдека битно се разликува од онаа на ниво на целата Република. Всушност, во овој простор локалната разместеност на селата е предодредена со значителна расчленетост и дисецираност на релјефот во кој постои наизменично сменување на благо зарамнети и наведнати површи од флувијално и абразивно потекло, до силно еродирани речни тераси и асиметрични клисурести долини со незначителни ерозивни проширувања во вид на мали полиња-депресии или како Ј. Цвијиќ ги нарекува „полози". Ваквите, во најкратки црти изнесени орографски карактеристики, за чие на-станување огромна улога има и особениот геолошки состав, предиспонирале формирање на карактеристични видови топографска положба на селата, кои во најопшт и генерализиран облик можат да се вбројат во три групи: а) долински, б) ридски и в) ридско-планински села.

Одликите на ваквата систематизација на селата во Мариово, кога се работи за нивната локална сместеност, се под непосредно влијание на повеќе фактори, меѓу кои, според значењето, потребно е да се потенцираат следниве:

— специфичните морфолошки црти на релјефниот склоп, во кој долинските облици заедно со дисецираните речни и абразивни, тераси, како и зарамнетите езерски површини, имаат доминантно место;

— особеното влијание на хидрографските фактори, посебно појавата на изворите во зоните на допирот на карпите оо различен геолошки состав, а што е редовно поради егзогените фактори на ерозијата следена од смена на релативно различни орографски зони;

— одликите на вегетацискиот покривач и во тесна врска со него влијанијата на одделните климатски фактори, кои, исто така, имаат огромно значење, особено за заземање и

користење на присојните падински страни, што е речиси редовна појава во регионот на Мариово.
Сите погоре наведени релевантни фактори содржат во себе најзначајни природни предиспозиции, кои во одредени општествено-историски и економски околности можат да се јават како пресудни предуслови за форсирање на развојот, но и за стагнирање на егзистенцијата на одделни населби. Всушност, елементите од социоекономски карактер, разгледувани низ ретроспективен аспект и нивното значење за опстанокот и развојот на селата, а особено во врска со сообраќајно-географската локализација и просторната изолација од тековите на главните историски и воени настани (за што понапред станува повеќе збор), исто така имаат огромно значење за јакнењето или, пак, за исчезнувањето на одделни села во минатото. Како што беше спомнато, во таа смисла особено е карактеристичен периодот пред навлегувањето на Турците, кога овдека постоела значително погуста мрежа на населби. Но во целина земено, кога се имаат предвид вкрстените влијанија врз населбинскиот систем на Мариово на природно-географските услови и општествено историските настани, од посебно значење е фактот што во целиот османлиски период сите села во Мариово останале слободни со одредени даночни обврски, односно не биле чифлици. (3,321).
Територијалната распространетост на наведените видови локална положба на селата во Мариово, како и одликите на нивниот развиток условен од овие фактори, се мошне карактеристични и ги имаат следниве најопшти белези:

а) долински села: овој вид села, гледано од просторен аспект, се најбројни во средишниот и североисточниот дел на Мариово. Локализацијата на овие села е во најтесна врска со формирањето на голем број помали ерозивни подрачја-проширувања и зарамнети простори по речиите долини. Тие се најчесто сместени на контактот на зарамнетите површини-полозите, речните тераси или остатоците од најниските абразивни тераси со ридестите или планинските делови. Ваквата положба е во непосредна врска со искористувањето на најповолните природни богатства како плодните и лесно наводнувани алувијални тераси. На овие простори, најчесто поради природните погодности кај овој вид села, се одгледуваат градинарски култури, а на најважните се ливадите. На околните повисоки тераси и за-рамнети површи се наоѓаат богати пасишни зони, а највисоките планински делови од атарите на овие села не ретко, особено од десната долинска страна на реката Црна, изобилуваат со шумски комплекси. Од овие причини карактеристично за наведените селски населби е што и во минатото, па и денес, во стопанската структура се, речиси, еднакво упатени на остварување на приходи како од полједелството така и од сточарството. Најкарактери-стични претставници на овој тип села се: Крушевица, Чаниште, Дуње, Пештани, Рапеш, Маково и др.

б) ридски села: најголем број од ридските села се наоѓа во битолскиот дел од Мариово, како на пример: Брник, Будимирци, Градешница, Груниште, Зовиќ, Ивени и Орле и др.
Меѓутоа, со ваков карактер на положба се и селата од прилепскиот
дел: Вепрчани, Кокре, Бешиште, Витолиште и др.
Сите овие села имаат присојна експозиција и просторно се разместени во висинската зона над 750 м.а.в., која во Мариово се одликува *со*
мошне богати пасишни површини.Најчесто ридските села лежат на контактот на две различни орографски зони, на местата на појавата на помали извори, или, на повисоките абразивни тераси. Во стопански поглед тие се упатени на искористување на богатствата на пасишната зона и делумно на шумскиот фонд. Вкупната обработлива површина во

овие села во расположливиот фонд се движи околу 1/10, што за полједелско производство е слаба база, а, главно, во атарите на овие села се одгледуваат планински житарки и компири. Тие во основа имаат сточарско-полједелска стопанска структура во која сепак овчарството има доминантно значење;

в) ридско-планински села: хипсометриската разместеност на овој вид села се совпаѓа со највисоката населена зона во Мариово, која достига и до 960 м.а.в. Најтипични претставници на овие села се сите населени места од кавадарскиот дел на Мариово: Галиште, Клиново, Рожден, Мајдан, 'Ржаново, или пак селата: Полчиште, Живово односно Старавина и др. од прилепскиот и битолскиот дел. Најголем број од овие села се изразито планински и тие, речиси, не располагаат во своите атари со позначајни комплекси обработливо земјиште, кои и со оглед на климатските и други непогодности немаат поголемо значење за полједелското производство. Овдека од вкупната површина на селските атари, само околу 1/20 или во просек помалку од 5 % се обработливи површини. Сите овие села, со помали исклучоци, упатени се на сточарското производство, односно на овчарството. Некои од планинските села, особено од кавадарскиот дел уште од крајот на минатиот век во мал обем се вклучени во рударската активност, која во последниве години особено зајакнува, меѓутоа бројот на населението што е ангажиран во рударството е незначителен.

Од изнесените податоци и факти, а имајќи ги предвидповеќето значајни природно-географски фактори за локализацијата на селата, се наметнува следниов најопшт заклучок за микропросторната разместеност на селата во Мариово:

1. долинската микроположба особено е карактеристична за притоките на Црна во нејзиниот средишен дел од двете страни на оваа река. Дел од овие села имаат релативно значителна висинска положба, која во одреден број случаи допира и до валукот на речната челенка;

2. селата со ридски карактер на положбата се исклучително разместени по зарамнетите површи од абразивно и флувијално потекло и се наоѓаат на контактот на различните орографски зони кои степенесто се спуштаат кон речните текови и воопшто кон клисурестата долина на Црна;

3. третата група, односно ридско-планинските села ги заземаат највисоките зарамнети површини од високиот ридско-планински простор и најчесто се локализирани на допирот меѓу различните ерозивни облици од абразивно и флувиоденудационо потекло.

## III. ПРОСТОРНО ПОПУЛАДИСКИ КАРАКТОРИСТИКИ НА МРЕЖАТА НА НАСЕЛБИТЕ

Проблемите и прашањата од регионално географската положба на селата во Мариово имаат за овој простор големо значење за најнови процеси кои се одвиваат во рамките на населбинскиот систем. Во тој склоп од особено значење се карактеристиките на вертикалната зоналност на селата и нејзиното влијание врз современите популациски промени. Имено, иако реги-онот на Мариово, во целина гледано, претставува висорамнински простор, кој има просечна височина над 900 м.а.в., тој истовремено во орографски поглед е силно расчленет и раздробен. Од тие причини можно е, во хипсометриски поглед, а истовремено во зависност и од стопанските можности и отруктура да се издвојат повеќе специфични зони, меѓу кои, според темелните сог-ледувања најблиску до реалната комплексна

орографска ситуација се: зоната до 750 м.а.в., 751—900 м.а.в. и над 900 м.а.в.

Висинскиот појас до 750 м.а.в. ги вклучува во себе долината на реката Црна и нејзините притоки со помалите ерозивни проширувања, алувијалните тераси и најниските флувијални површи и остатоците на абразивните зарамнини. Оттаму во структурата на атарите на селата, кои лежат во овој простор, се забележува значителна разновидност на природните погодности за стопанско активирање на населението, кое се движи од полјоделско искористување на бонитетно 'најквалитетните површини до екстензивно сточарство на неплодните земјишта.

Зоната од 750 до 900 м.а.в. во релјефен поглед е изразито ритчеста и во неа преовладуваат наизменично сменување на силно раздробени алувијални и абразивни тераси. Во стопански поглед, тие се најбогати со пасишни површини, а на места на контактот на различно геолошки отпорните карпи, каде што се јавуваат послаби извори и речни текови, постојат скромни при-родни услови за полјоделско производство. Но, глобално анализирано, оваа висинска зона, главно, од економски аспект е значајна за сточарството, особено овчарството, а помалку за овоштарството.

Највисоката зона, над 900 м.а.в., има изразито планински карактер, и тоа традиционално како и во најголемиот дел на Македонија над оваа изохипса, се искористува исклучително за сточарство и шумарство. Во Мариово на овој простор му припаѓаат граничните делови на регионот, кои заземаат значаен дел од вкупната површина на областа.

За подетално да ги согледаме меѓусебните соодноси на влијанијата и промените што настанале во популацискиот растеж на селата во Мариово од овој територијален фактор, ја изработивме табела I, од која на ниво на целиот регион и одделно, според административната поделба, може да се анализираат состојбата на настанатите промени во периодот од почетокот на нашиот век до денес. Истовремено, за поочигледно согледување на популациските промени во селата од анализираните висински зони приложен е и графички приказ бр. 1.

а) *Хипсометриска разместеност на селата*

Според синтетичките показатели, изведени врз основа на апсолутната височина на положбата на селата и просторната разместеност на искористуваниот селски атар, а наведени во табелата I, можат во основа да се изнесат повеќе значајни заклучоци.

Така на пример, во регионот на Мариово во висинската зона до 750 м.а.в. вкупно се формирани и денес постојат 11 села, од кои 3 (Зовиќ, Маково и Рапеш) се наоѓаат во Општината Битола, а 8 села (Врпско, Гудјаково, Дуње, Кален, Крушевица, Манастир, Чаниште и Полчиште) припаѓаат административно на Општината Прилеп. Во оваа зона нема села во кавадарскиот дел на Мариово.

Исто толку селски населби (11) се наоѓаат и во зоната од 750 до 900 м.а.в., но значајно е дека тие за разлика од претходната група бројно се позастапени во Општината Битола. Тоа се селата: Брник, Будимирци, Градешница, Груништа, Орле и Старавина. Во прилепскиот дел на Мариово со ваква вертикална положба се одликуваат само три села: Вепрчани, Витолиште и Кокре, додека во делот што припаѓа на Општината Кавадарци две села: Галиште и Клиново лежат во овој висински појас. Селото Клиново, според податоците од пописот во 1981 година, е целосно раселено.

Со изразито високопланинска положба (над 900 м.а.в.), вкупно се одликуваат 6 села, од кои едно (Ивени) е во

битолскиот дел, 3 села (Бешиште, Живово и Полчиште) во прилепскиот дел, а две села (Рожден и 'Ржаново) во кавадарскиот. За селото 'Ржаново официјални статистички податоци до 1971 година односно до 1981 година не постојат заради што во вкупниот број села до 1961 година во анализите за оваа зона фигурираат 5 села.

Врз основа на податоците за висинската разместеност, населениот ареал во Мариово (се движи од 520 м.а.в. (село Гудјаково) до 940 м.а.в. (селата Ивени и Полчиште), односно 960 м. а.в. (село Живово), што значи дека меѓу најниската и највисоката населена точка овдека постои релативна висинска разлика од 440 м. Ваквата, за наши прилики кога се работи за јасно из-двоена просторна целина, мала висинска разлика (во повеќе котлински делови во Републиката таа се движи редовно над 1000 м. релативна разлика, како на пример во Кочанската Котлина, Полог и др.) во извесен обем зборува за големата изедначеност на карактеристиките на селата во Мариово во однос на овој просторен елемент.

Со цел подетално да ги изложиме најосновните социогеографски одлики и промени на селата по одделни висински зони, ќе се задржиме на обработката само на уште следниве елементи: движењето на бројот на населението и домаќинствата и во врска со нив состојбата и промените на средната големина на селата.

Бројната состојба на населението и напоредно со тоа динамиката на неговото движење во еден подолг временски период (1900—1981 година) по одделни периоди и висински зони има особени специфична:ти кои се движат од брзо намалување до стагнација и благ и незабележителен пораст.

**Табела I**

**Висинска разместеност на селата и промени во бројот на населението и домаќинсгвата во периодот 1900—1981 година**

| Год. | Висински зони<br>до 750 м<br>број села | <br><br>насел. | <br><br>дом. | <br>751—900 м<br>број села | <br><br>насел. | <br><br>дом. | <br>над 900 м<br>број села | <br><br>насел | <br><br>дом. | Вкупно<br><br>број села | <br><br>насел | <br><br>дом. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1900 | 11 | 4710 | — | 11 | 6411 | — | 5 | 3181 | | 27 | 14302 | |
| 1948 | 11 | 3600 | 674 | 11 | 5570 | 1018 | 5 | 3334 | 563 | 27 | 12504 | 2255 |
| 1961 | 11 | 4537 | 797 | 11 | 5623 | 1037 | 5 | 3243 | 600 | 27 | 13403 | 2434 |
| 1981 | 11 | 1945 | 481 | 10 | 2030 | 497 | 6 | 687 | 215 | 27 | 4662 | 1193 |
| | | | | | битолски дел | | | | | | | |
| 1900 | 3 | 1088 | | 6 | 2940 | — | 1 | 160 | | 10 | 4188 | — |
| 1948 | 3 | 1134 | 201 | 6 | 3003 | 522 | 1 | 145 | 18 | 10 | 4282 | 741 |
| 1961 | 3 | 1380 | 233 | 6 | 2863 | 518 | 1 | 316 | 49 | 10 | 4559 | 800 |
| 1981 | 3 | 780 | 1G8 | 6 | 1236 | 266 | 1 | 41 | 13 | 10 | 2057 | 447 |
| | | | | | прилепски дел | | | | | | | |
| 1900 | 8 | 3622 | — | 3 | 2121 | — | 3 | 2037 | | 14 | 7780 | — |
| 1948 | 8 | 2466 | 473 | 3 | 1655 | 325 | 3 | 2161 | 374 | 14 | 6282 | 1172 |
| 1961 | 8 | 3157 | 564 | 3 | 1924 | 360 | 3 | 2246 | 417 | 14 | 7327 | 1341 |
| 1981 | 8 | 1165 | 313 | 3 | 779 | 224 | 3 | 437 | 150 | 14 | 2381 | 687 |
| | | | | | кавадарски дел | | | | | | | |
| 1900 | | — | — | 2 | 1350 | — | 1 | 984 | | 3 | 2334 | — |
| 1948 | — | — | — | 2 | 912 | 171 | 1 | 1028 | 171 | 3 | 1940 | 342 |
| 1961 | — | — | — | 2 | 836 | 159 | 1 | 681 | 134 | 3 | 1517 | 293 |
| 1981 | — | — | — | 1 | 15 | 7 | 2 | 209 | 52 | 3 | 224 | 59 |

Така, на пример, во висинската зона до 750 м.а.в. во единаесет села бројот на жителите во 1900 година изнесувал 4710 лица, што чинело околу 1/3 од вкупното население. Во периодот до 1948 година забележлива е бавна тенденција на намалување (23,5%), а потоа до 1961 година следи одново пораст од 937 лица или 26,0°/о. Во последните две децении селските населби во оваа зона, како воопшто и целокупното население од Мариово, зафа-тени се со интензивна механичка депопулација, како резултат на што во 1981 година во нив живееле само 1945 лица, односно 2592 жители или 57,1% помалку во споредба со 1961 година. Денес во рамничарската зона, односно до 750 м.а.в. е сконцентрирано 41,7% од вкупното население. Овој податок и покрај мошне високиот обем на опаѓање на населението во оваа зона, во спо-редба со концентрацијата на жителите во истите *овие* населби во 1900 година покажува дека процесот на депопулацијата во најниските села се одвивал значително побавно отколку во вкупното население или пак во двете повисоки зони, како што, понатаму ќе се види. Слични одлики има и процесот на движењето на домаќинствата. Аналогно на манифестираните процеси во развојот на вкупниот број на населението се движела и про-сечната големина на селата, која во 1900 година изнесувала 428 жители (средно за целиот регион 529 жители), а во 1981 година 177 жители, односно на ниво на Мариово (172 жители).

Во трите села од битолскиот дел на Мариово, во кои во 1900 година било сконцентрирано повеќе од 1/4 од населението во тој простор од регионот, бројот на жителите се намалил од 1088 на 780 лица, односно за 28,3%. На тој начин денес во оваа зона живеат 38,0% од вкупниот број на населението, што исто така укажува дека овдека значително побавно се намалувал бројот на населението отколку во другите зони. За разлика од селата во Општината Битола, во прилепскиот дел на Мариово, динамиката на намалувањето, гледана во целиот период, е позабрзана, така што во 8 села бројот на жителите се намалил за 2457 или 67,8°/о. Оваа динамика на намалување е на нивото на опаѓањето на вкупното население во оваа административна це-лина на Мариово, поради што битно не е променета концентрацијата на жителите во зоната до 750 м.а.в. која се движи нешто помалку од 50%.

Бројот на домаќинствата исто така има тренд на намалување, но тој е нешто побавен, како резултат на што во овие населби просечната големина на домаќинствата изнесува 3,7 члена. Овој показател, спореден со просечната големина на домаќинствата во зоната до 750 м.а.в. од битолскиот дел во 1981 година кој изнесува 4,6 члена, зборува за значително послабиот работоспособен потенцијал во селата од Општината Прилеп.

Во групата села од висинската зона 750—-900 м.а.в., како што беше спомнато во последниот пописен период, едно село е наполно раселено, но и покрај тоа, таа во целина земено е најнаселена зона во Мариово. Имено, овдека во 1981 година во 10 села живееле вкупио 2030 жители во 497 домаќинства. Тоа во однос на денешниот број на населението и домаќинствата во Мариово претставува 43,5% односно 41,6%. Меѓутоа, во споредба со претходната зона, овдека процесот на депопулацијата се до 1961 година, може да се констатира, се одвивал бавно бидејќи во периодот 1900—1961 година бројот иа населението се намалил за 788 жители или 12,3%. Динамичниот процес на депопулацијата започнува од пред дваесеттина години, а особено почнувајќи од 1971 година. Во овој период со процесот на намалувањето е опфатен контингент од 3539 лица или 63,4%, што значи дека речиси 2/3 од населението е раселено. Паралелно со

овој процес се одвива и намалување на бројот на домаќинствата, но тој е нешто побавен (52,0%), а што споредено со обемот на намалувањето на населението покажува на значајната појава на напуштање на домаќинствата на младите генерации, на кој начин, како што од одделот за населението обработен од проф. М. Панов може да се забележи, се одвива процесот на стареење и појавата на старечки домаќинства. За разлика од денес (43,5%), во 1900 година во оваа зона било сконцентрирано речиси 1/2 од населението на Мариово. Како и на почетокот на нашиот век (582 жители), така и во 1981 година (203 жители), просечната големина на селата во оваа висинска зона била најголема.

Анализата на состојбата и настанатите промени по одделни подрачја (по општини) покажува значајни разлики. На пример, во оваа висинска зона во кавадарскиот дел е присутна константна тенденција на намалување на бројот на населението и домаќинствата. Всушност, може да се заклучи дека ареалот од 750 до 900 м.а.в. во овој дел е речиси целосно раселен, бидејќи од некогашниот број од 1350 жители, денес од двете села едно е наполно запустено, а во другото има само седум старечки домаќинства со 15 жители (село Галиште).

Наспроти вакните тенденции, во битолскиот дел на Мариово, бројот на населението во периодот 1900—1948 година покажува благ пораст, а од оваа година најпрво бавно, а потоа бележи мошне интензивно намалување. Имено, во периодот 1948—1961 година, бројот на жителите се намалува за 140 лица илк 4,6%, додека во периодот 1961—1981 година за 1627 жители, односно 56,8%. Процесот на движењето на домаќинствата ја следи тенденцијата на намалувањето на бројот на населението. Карактеристично е дека средната големина на селата во 1900 година била под просечната за целиот регион (490 жители), а денес е нешто над тој просек (206 жители).

Одликите на движењето на населението и домаќинствата во селата кои припаѓаат на Општината Прилеп, во многу се слични, дури идентични со процесот на развојот на населението на регионот во оваа висинска зона. Така, во периодот 1900—1948 година бројот на населението незначително опаѓа (21,9%), потоа бавно расте (16,2%), за во последните две десетлетија да се одвива мошне интензивен процес на намалување. Во овој период бројот на жителите опаднал за околу 3/5 (59,5%), односно од 1924 на 779 жители. Тенденциите на развојот на домаќинствата не поткажуваат поголеми отстапувања од развојот на населението. Просечната големина на селата во 1981 година се движела околу 260 жители, а во 1900 година дури 707 жители. Од податоците за просечната големина на домаќинствата (битолскиот дел 4,6 члена, прилешкиот 3,4 члена и кавадарскиот 2,1 члена), во најповолна положба според можностите за обезбедување работна сила за земјоделското производство се населбите што лежат во Општината Битола. Меѓутоа, општ е впечатокот дека во овој поглед денешните десет села од оваа зона, во целина гледано, се одликуваат поради интензивното иселување со битно нарушена старосна структура која не дава никакви перспективи за по-натамошно обезбедување на доволно работна сила за развој и подобрување на аграрната продукција.

Денес во највисоката односно изразито планинската зона на Мариово (над 900 м.а.в.) се наоѓаат вкупно шест села, чија просечна големина се движи околу 115 жители, а што во однос на почетокот на нашиот век преставува речиси шестпати помала големина (636 жители средно на едно село). Во целина гледано, за разлика од селата во двата претходни висински ареала овде е присутна мошне бавната тенденција на наголемување на населението се до 1961 година, кое во

периодот 1900—1961 година изнесува 62 лица или 1,9%. Таквата состојба е резултат на повеќе фактори, меѓу кои за овој простор како специфичен треба да се издвои значењето на сточарското производство и неговата доходност напоредно со мошне тешките услови за преселување и вработување во градските центри. За периодот на последните две десетлетија населението од планинските населби е намалено за речиси петпати, односно тоа опаднало од 3243 лица на само 687 или за 2556 жители, што прави 78,8%. Овој број на население живее во 215 домаќинства, што значи дека нивната просечна големина изнесува 3,2 члена и може да се заклучи дека тоа се предимно старечки домаќинства.

Во регионален поглед состојбата во оваа висинска зона е следнава: селските населби во битолскиот дел денес е на пат на целосно раселување, а слична е состојбата и со трите села кои припаѓаат кон Општината Кавадарци (Рожден, 'Ржаново и Мајдан), од кои, со исклучок на малата населба Рожден (188 жители и 46 домаќинства), двете други села со оглед на тоа дека бројат само 6 домаќинства, најверојатно во најскоро време, бидејќи тоа се, главно, старечки семејства, ќе се запустат. Во прилепскиот дел, населението во оваа зона, исто така, брзо се намалува, но сепак денес во трите села има 150 домаќинства со 437 жители или 78,5%.

Изнесените анализи мошне впечатливо зборуваат дека неповолната територијална разместеност на мариовските села, паралелно со недоволната грижа и вложување средства на заедницата за интензивирање на одредени стопански активности за кои тука постојат погодни услови, во најново време доведоа до бурни раселенички процеси. Голем број од оелата, особено од ридско-планинската и високопланинската зона денес се во значаен обем зафатени со процесите на механичкото празнење, а поради нарушените соодноси во старосната и полната структура, како последица од овие движења, природната репродукција е сведена на минимум, а со тоа во одделни села се јавува и негативно природно движење.

Од овој аспект, можностите за ревитализација на овие села се сведени на минимум, односно може да се констатира дека се во критична фаза, поради што во таа смисла се јавуваат бројни демографски проблеми и прашања на кои во најскоро време треба да им се посвети поголемо внимание и да се даде соодветен одговор односно решение.

б) *Територијална разместеност на селото во однос на ре- гионалните (главни) патни сообраќајници*

Сообраќајната поврзаност на Мариово, односно населбите од овој простор, се до најново време, претставуваше најсериозен проблем за подинамично стопанско активирање и отворање на оваа наша периферна и погранична област. И денес, кога кон централните делови на областа веќе се изградени три регионални патни правци, со оглед на фактот дека тие претставуваат крајни точки и неповрзан систем на комуникации, тие несом-нено покрај големото значење, сепак го немаат потребниот и очекуваниот ефект. Тоа дотолку повеќе, што непобитен е фактот дека нивната изградба е значително задоцнета и уследи дури откога процесот на најмасовната емиграција од Мариово е речиси завршен. Теренските истражувања во таа смисла укажаа дека сообраќајниците во значајна мерка го намалија инте-ресот за иселувањето, но истовремено самиот факт дека мошне голем број домаќинтсва имаат купено градежно земјиште или започнато изградба на семејни куќи во

најблиските градски населби, сепак планираат и не се откажуваат од трајното напуштање на родното огниште.

Во приказот и анализата на влијанијата на овој просторен елемент врз популациската динамика во селата земени се предвид трите регионални патни правци: Битола — Маково до Рапеш; Прилеп — Витолиште и Кавадарци — Рожден. Бидејќи изградените сообраќајници се од понов датум, се јавува еден методолошки недостаток во анализите, КОЈ сметаме нема битно да се одрази врз реалноста на изнесените заклучоци. Имено, се работи за фактот, премерувањата на положбата на селата се земени во однос на најновите траси на сообраќајниците, а се применети за еден временски подолг период. Отстапувањата поради тоа се очигледни, но исто така треба да се има предвид дека и сегашните траси битно не отстапуваат од традиционално користените патни правци на населението од овој крај.

Сите понатамошни анализи на овие соодноси ќе бидат анализирани од табелата II и картографскиот приказ. Во табелата и приложената карта податоците се средени во четири карактеристични групи на оддалеченост, тоа: до 5 к.м, 5—10 км 10—15 км и над 15 км.

Групата села кои лежат на регионалниот пат и до 5 км оддалеченост ја сочинуваат 9 населени места или 1/3 од вкупниот број. Со локација на пат се селата: Маково и Рапеш во битолскиот дел на Мариово, а овдека припаѓа уште и селото Орле. Во просторот на прилепскиот дел, Витолиште е крајна точка на регионалниот пат, а на оддалеченост до 5 км се селата: Дуње, Кален, Крушевитца и Манастир, додека во кавадарскиот дел со ваква положба е само селото Рожден.

Со нешто понеповолна положба, односно на оддалеченост од 5 до 10 км се наоѓаат вкупно 8 села, од кои едно, Брник е од битолскиот дел, а 6 села: Бешиште, Живово, Кокре, Полчиште, Чаниште и Пештани, припаѓаат на делот на Општината Прилеп и селото 'Ржаново во Општината Кавадарци.

На оддалеченост од сообраќајниците од 10 до 15 км се наоѓаат само три села: Зовиќ и Ивени (Општина Битола) и Вепрчани (Општина Прилеп), додека со мошне територијално неповолна положба кон главната патна артерија се следниве 8 села: Будимирци, Градешница, Груништа и Старавина (Општина Битола), Врпско и Гудјаково (Општина Прилеп) и селата Галиште и Клиново (Општина Кавадарци).

Врз основа на податоците во табелата II. може да се заклучи дека најголем број на населението на почетокот на нашиот век бил сконцентриран во селата до 5 км оддалеченост. Оваа група од 9 села тогаш имала 5101 жители или 35,6% од вкупниот број. Интересно е дека значително според бројот на населението не заостанува и најоддалечената зона во која во 8 села вкупно живееле 4478 лица, односно 31,3%. Во седум села од зоната 5—10 км биле сконцентрирани 3623 жители (25,4%), и во зоната од 10 до 15 км во три села 7,7% или 1100 жители. Најголема просечна големина имале селата од најблиската зона (566 жители средно на едно село), а најмала во зоната од 10 до 15 км (366 лица).

**ОДДАЛЕЧЕНОСТ НА СЕЛАТА ОД ГЛАВНИТЕ ПАТНИ ПРАВЦИ И ПРОМЕНИ ВО БРОЈОТ НА ЖИТЕЛИТЕ И ДОМАЌИНСТВАТА ВО ПЕРИОДОТ 1900—1981 ГОДИНА**

### БИТОЛСКИ ДЕЛ

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1900 | 3 | 770 | — | 1 | 220 | — | 2 | 580 | — | 4 | 2618 | — | 10 | 4188 | - |
| 1948 | 3 | 985 | 162 | 1 | 365 | 60 | 2 | 483 | 82 | 4 | 2449 | 437 | 10 | 4282 | 741 |
| 1953 | 3 | 1107 | 178 | 1 | 228 | 40 | 2 | 677 | 123 | 4 | 2610 | 464 | 10 | 4622 | 805 |
| 1961 | 3 | 1218 | 200 | 1 | 215 | 39 | 2 | 704 | 114 | 4 | 2422 | 447 | 10 | 4559 | 800 |
| 1971 | 3 | 1043 | 185 | 1 | 122 | 23 | 2 | 485 | 113 | 4 | 1655 | 365 | 10 | 3.305 | 686 |
| 1981 | 3 | 716 | 145 | 1 | 30 | 9 | 2 | 192 | 57 | 4 | 1119 | 236 | 10 | 2057 | 447 |

### ПРИЛЕПСКИ ДЕЛ

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1900 | 5 | 3347 | — | 6 | 3403 | — | 1 | 520 | — | 2 | 510 | — | 14 | 7780 | — |
| 1948 | 5 | 2610 | 487 | 6 | 3060 | 555 | 1 | 369 | 77 | 2 | 243 | 53 | 14 | 6282 | 1172 |
| 1953 | 5 | 3086 | 590 | 6 | 3460 | 587 | 1 | 410 | 73 | 2 | 268 | 54 | 14 | 7224 | 1304 |
| 1961 | 5 | 3274 | 633 | 6 | 3417 | 606 | 1 | 367 | 55 | 2 | 269 | 47 | 14 | 7327 | 1341 |
| 1971 | 5 | 2862 | 602 | 6 | 2481 | 501 | 1 | 203 | 34 | 2 | 87 | 23 | 14 | 5633 | 1160 |
| 1981 | 5 | 1409 | 402 | 6 | 901 | 264 | 1 | 62 | 17 | 2 | 9 | 4 | 14 | 2381 | 687 |

### КАВАДАРЕЧКИ ДЕЛ

| | З о н а н а о д д а л е ч е н о с т н а с е л а т а | | | | | | | | | | | | В к у п н о | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | до 5 км | | | 5—10 км | | | 10--15 км | | | над 15 км | | | | |
| Година | села број | насел | дом. | села број | насел. | дом. | села број | насел. | дом. | села број | насел. | дом. | села број | насел. |
| 1900 | 9 | 5101 | ____ | 7 | 3623 | ____ | 3 | 1100 | ____ | 8 | 4478 | ____ | 27 | 14302 |
| 1948 | 9 | 4623 | 820 | 7 | 3425 | 615 | 3 | 852 | 159 | 8 | 3604 | 661 | 27 | 12504 |
| 1953 | 9 | 5221 | 950 | 7 | 3688 | 627 | 3 | 1087 | 196 | 8 | 3686 | 675 | 27 | 13682 |
| 1961 | 9 | 5173 | 967 | 7 | 3632 | 645 | - | 1071 | 169 | 8 | 3527 | 653 | 27 | 13403 |
| 1971 | 9 | 4351 | 883 | 8 | 2642 | 533 | 3 | 688 | 147 | 8 | 2049 | 457 | 28 | 9730 |
| 1981 | 9 | 2313 | 593 | 8 | 943 | 276 | 3 | 254 | 74 | 8 | 1152 | 250 | 28 | 4662 |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1900 | 1 | 984 | | | | | | | | 2 | 1350 | ____ | 3 | 2334 | — |
| 1948 | 1 | 1028 | 171 | — | | | | | | 2 | 912 | 171 | 3 | 1940 | 342 |
| 1953 | 1 | 1028 | 182 | — | — | — | — | — | — | 2 | 808 | 157 | 3 | 1836 | 339 |
| 1961 | 1 | 681 | 134 | — | | | | | | 2 | 836 | 159 | 3 | 1517 | 293 |
| 1971 | 1 | 446 | 96 | 1 | 39 | 9 | — | — | — | 2 | 307 | 69 | 4 | 792 | 174 |
| 1981 | 1 | 188 | 46 | 1 | 12 | 3 | — | — | — | 2 | 24 | 10 | 4 | 224 | 59 |

Состојбата во 1981 година во сите аспекти е битно изменета. Основно е што бројот на жителите во сите групи села значајно е намален, а со тоа и нивната просечна големина, така што денес со исклучок на селата со најповолна локација (257 жители во просек), сите други се значително помали и можат да се вбројат во категоријата најмали села, со оглед на тоа дека бро-јат нешто над 100 жители просечно на една населба. Динамиката на намалувањето во периодот 1900—1981 година по одделни зони е следнава: во зоната до 5 км бројот на жителите опаднал за 2788 жители или 54,8%, во

зоната од 5 до 10 км за 2680 или 73,4%; во зоната од 10 до 15 км 846 жители или 76,7% и во најоддалечената зона во апсолутен број за 3326 лица или 74,2%. На тој начин и концентрацијата по одделни групи значително е изменета, односно значително е зголемен бројот на населението во најблиската зона и сега изнесува приближно 1/2 од вкупното население (49,6%), а во другите зони присутно е големо намалување.

Промените во популацискиот развиток по одделни периоди се мошне карактеристични и во основа можат да се резимираат во следниве констатации:

— периодот 1900—1948 година во сите групи се одликува со мошне бавна тенденција на намалување, кое се движи од 5,4% (зоната 5—10 км), до 19,5% (најоддалечената зона);

— за периодот 1948—1981 година е значаен бавен пораст на бројот на жителите во трите најблиски зони, а намалување во најоддалечената зона;

— обемот на намалувањето во периодот 1961—1971 година е зголемен и карактеристичен за сите групи села. Тој се движи од 15,9% помалку население во најблиската зона до 42,0% во на јоддалечената;

— во последниот пописен интервал иселувањето и со тоа депопулацијата е силно интензивирана и речиси кај сите групи бројот на жителите во просек е за 1/2 помал.

Вака изнесените глобални констатации се мошне слични и дури идентични со засебните единици од административната поделба, односно во прилепскиот, битолскиот и кавадарскиот дел, но постојат и отстапувања. Така, на пример, во битолскиот дел од Мариово, најголем број од селата (4 населби) се наоѓа во најоддалечената зона, а тука и концентрацијата на населението во 1900 година и денес е најголема (62,5% и 54,3%). Меѓутоа, мошне значаен е податокот дека во зоната до 5 км каде има три села, бројот на жителите незначително е намален, односно стагнирал. Во прилепскиот дел концентрацијата на населението и населбите во двете најблиски зони (до 5 км и 5—10 км) речиси е еднаква , со таа разлика што динамиката на опаѓањето во втората зона е значително поголема. Во другите две зони има само три села со незначителен број население и домаќинства кои се на пат на целосно раселување. Тенденциите во движењето на популациската маса во различните зони во кавадарскиот дел се исти како за вкупното население на Мариово. Значајно е дека во четирите села во најоддалечените зони, едно е целосно раселено, а другите три се зафатени со висок обем на депопулација и се наоѓаат во фаза на раселување.

в) *Територијално-гравитациски односи со најблиските централни места и промени во популацискиот развиток на селата*

Регионот на Мариово, како ниту една друга просторна целина во Р. Македонија, има неповолна гравитациска насоченост и изолираност во однос на најблиските градски населби. Значителната просечна оддалеченост од урбаните населби, паралелно се до најново време најпримитивните видови сообраќајно контактирање, претставува за сите селски населби од обласа една од најкрупните ограничувачки фактори за современа социогеографска и економска трансформација. Во тој поглед е мошне карактеристично дека речиси 4/5 од селата се наоѓаат на

поголема просечна оддалеченост од 25 км од административно управните центри, додека истовремено најблиското село се наоѓа на 16 км, а најоддалечените на повеќе од 50 км. Ваквите територијално гравитациски односи, во услови на сосема неразвиен патен или друг вид сообраќај, се до псследните неколку години беа причина за крупни промени во демографскиот развиток на сите рурални населби. Набљудувано од регионално-географски аспект, трите според административниот критериум издвоени делови на Мариово, еднакво се наоѓаат во крајно не-поволна територијална изолираност и можност за контактирање и користење на услугите на градските средишта.

Во територијално гравитациски поглед, како што може да се заклучи од табелата III и картографските прикази, со релативно најпогодна можност за користење на градските услуги се само четири села: Дуње, Кален, Кокре и Крушевица, сите од прилепскиот дел. Интересно е дека како што се наголемува просторната оддалеченост така и расте бројот на селата. Така во зоната од 25 до 35 км се наоѓаат 7 села (Маково, Рапеш и Орле), од битолскиот дел: Вепрчани, Манастир, Чаниште и Пештани (Општина Прилеп). Бројот на селата во зоната од 35 до 45 км изнесува вкупно осум села и тие најповеќе се застапени во прилепскиот дел од Мариово (Бешиште, Витолиште, Гудјаково и Полчиште), а по две села има во битолскиот дел (Брник и Ивени) и кавадарскиот дел (Галиште и Рожден). Со оддалеченост од над 45 км од најближиот градски центар, која гравитациска зона на територијата на Р. Македонија во други области речиси не се среќава, во Мариово се одликуваат дури 9 села или 1/3 од вкупниот број. Тоа се селата: Будимирци, Градешница, Груништа, Зовиќ и Старавина (Општина Битола), Врпско и Живово (Општина Прилеп), Клиново и 'Ржаново (Општина Кава-дарци).

**Табела III**

**ПРОСТОРНА РАЗМЕСТЕИОСТ НА СЕЛАТА ВО ОДНОС НА ЦЕНТРАЛНИТЕ МЕСТА И ПРОМЕНИ ВО БРОЈОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО И ДОМАЌИНСТВАТА ВО ПЕРИОДОТ 1900—19S1 Г.**

БИТОЛСКИ ДЕЛ

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1900 | — | — | — | 3 | 710 | — | 2 | 380 | | 5 | 3098 | — | 10 | 4188 | — |
| 1948 | — | — | — | 3 | 985 | 162 | 2 | 510 | 78 | 5 | 2787 | 501 | 10 | 4282 | 741 |
| 1953 | — | — | — | 3 | 1127 | 178 | 2 | 549 | 93 | 5 | 2946 | 534 | 10 | 4559 | 800 |
| 1961 | — | — | — | 3 | 1218 | 206 | 2 | 531 | 88 | 5 | 2810 | 506 | 10 | 4559 | .800 |
| 1971 | — | — | — | 3 | 1043 | 185 | 2 | 290 | 64 | 5 | 1972 | 437 | 10 | 3305 | 686 |
| 1981 | — | — | — | 3 | 716 | 145 | 2 | 71 | 22 | 5 | 1270 | 280 | 11) | 2057 | 447 |

ПРИЛЕПСКИ ДЕЛ

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1900 | 4 | 2420 | — | 4 | 1528 | — | 4 | 3242 | — | 2 | 590 | — | 14 | 7780 | — |
| 1948 | 4 | 1583 | 298 | 4 | 1204 | 239 | 4 | 3146 | 503 | 2 | 349 | 72 | 14 | 6282 | 1172 |
| 1953 | 4 | 1839 | 317 | 4 | 1389 | 246 | 4 | 3618 | 678 | 2 | 378 | 63 | 14 | 7224 | 1304 |
| 1961 | 4 | 2017 | 340 | 4 | 1504 | 280 | 4 | 3419 | 654 | 2 | 387 | 67 | 14 | 7327 | 1341 |
| 1971 | 4 | 1819 | 347 | 4 | 1063 | 192 | 4 | 2626 | 589 | 2 | 12 5 | 32 | 14 | 5633 | 1160 |
| 1981 | 4 | 779 | 222 | 4 | 492 | 122 | 4 | 1098 | 338 | 2 | 22 | 5 | 14 | 2381 | 687 |

КАВАДАРЕЧКИ ДЕЛ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1900 | — | — | 2 | 1684 | 1 | 650 | 3 | 2334 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | — | — | | 2 | 1440 | 253 | 1 | 492 | 89 | 3 | 1940 | 342 |
| 1953 | — | — | — | 2 | 1427 | 268 | 1 | 409 | 71 | 3 | 1836 | 339 |
| 1961 | — | — | — | 2 | 1099 | 213 | 1 | 418 | 80 | 3 | 1517 | 293 |
| 1971 | — | — | — | 2 | 738 | 156 | 2 | 54 | 18 | 4 | 792 | 174 |
| 1981 | — | — | — | 2 | 203 | 53 | 2 | 21 | 6 | 4 | 224 | 59 |

Како и во почетокот на нашиот век, така и денес, апсолутно најнаселена е гравитациската зона од 35 до 45 км, во која во осумте села концентрацијата на населението изнесувала 37,0% (1900 година) и 29,4°/о (1981 година). Во најоддалечената зона, од вкупниот број жители во 1900 година паѓале 4338 лица или 30,3% а во 1981 година 1303 жители односно 27,9%. За простор-ната зона од 25—35 км и седумте села кои лежат во неа единствено е карактеристичен процесот на наголемување на концентрацијата на населението која во 1900 година изнесувала 15,6% а во 1981 година 25,9%, што како што понатаму ќе видиме е последица на појавената динамика на намалување на жителите. Во најблиската зона и покрај значајните промени во бројот на населението концентрацијата речиси останала иста (16,9% и 16,8%).

Најголема просечна големина во 1900 година имале селата од зоната 35—45 км (663 жители на едно село), а во 1981 година селата од најблиската зона (194 лица). Денес апсолутно се најмали селата од групата на најоддалечените населби со просечна големина од 144 жители, меѓу кои пет се на пат на целосно раселување.

Темпото на промените во бројот на домаќинствата и жителите во одделни зони и временски периоди е мошне различен:

— во најблиските селски населби до градовите бројот на жителите до 1953 година покажува тенденција на намалување, а потоа благ пораст. Најголемиот износ на депопулацијата е забележан во последниот меѓупописен интервал, кога бројот на жителите намалил од 1819 на 779 лица или за 1040, што прави 57,1%;

— динамиката во зоната од 25 до 35 км се одликува со бавни износи на пораст и стагнација на популациската маса се до 1961 година. Во периодот 1961—1971 година започнува поинтензивен процес на намалување кој изнесува 24,4%, за во периодот 1971—1981 година бројот на населението во апсолутен износ да се намали за 898 лица или 42,6%;

— во наредната просторна зона бројот на жителите и домаќинствата се до 1961 година е на едно ниво од над 5000 жители а потоа започнува процесот на позабележително намалување. Така во периодот 1961—1971 година процесот на опаѓањето се движи околу 27,6%, а во периодот 1971—1981 година над 62,4%;

— процесот на популациските измени во селата од најоддалечната зона, во целост гледано, го карактеризира константен процес на одливање на жителите кој како и кај претходните зони е мошне умерен се до 1961 година. Од овој период започнува позабрзаното темпо на депопулација, кое до 1981 година достигнува приближно 2/3 од населението и нешто помалку кај дома-ќинствата (55,4%).

Специфичностите на настанатите промени во популациската маса во засебните административни подрачја на Мариово во основа и најкратки црти се следниве:

— во битолскиот дел села со оддалеченост од 25 км, како што видовме, не постојат, меѓутоа за населбите од наредната зона е карактеристично дека популацијата до 1961 година значително се наголемува (71,5%), а потоа се

побрзо се намалува, така што во 1981 година бројот на жителите е речиси на нивото од 1900 година. Просечната големина на селата се движи околу 238 жители, а на едно домаќинство средно се паѓа по 4,9 жители, што во однос на положбата во Мариово, укажува на релативно подобра зачуваност на популацискиот потенцијал во овој простор. Најголем е износот на депопулацијата во зоната од 35 до 45 км, каде бројот на населението се намалил за повеќе од петпати, а во селата од најоддалечената зона по релативното стагнирање и бавно намалување, бројот на населението од 1961 година наваму опаднало за повеќе од 1/2;

— во прилепскиот дел карактеристично за популациските промени на селата во глобал е совпаѓањето со сеопштите движења на ниво на целиот регион. Така и во почетокот на посматраниот период и денес, бројот на жителите е најголем во зоната од 35 до 45 км, а овдека и процесот на намалувањето е релативно најбавен. Селата од најоддалечената зона бележат највисок износ на депопулација и тие денес се наоѓаат во фаза на целосно запустување;

— мариовските села кои и припаѓаат на Општината Кавадарци, денес во однос на нивната популациска состојба се наоѓаат во мошне незавидна ситуација. Селата од најоддалечната гравитациска зона се зафатени со процес на тотално иселување (едно е раселено), а другите две од зоната 35—45 км, во споредба со бројот на жителите кои во нив порано живееле, се пома-лубројни за повеќе од седумпати.

Изнесените емпириски податоци недвосмислено ги потврдуваат досега научно прифатените и објаснети влијанија на територијалните фактори врз развојот на селските населби во услови на динамичен современ стопански развиток, кога одредени традиционални селскостопански занимања изумираат и го губат своето значење. Тоа на примерот на мариовските села мошне индикативно може да се согледа и потврди. Се разбира дека тоа не се и единствените фактори кои ги детерминираат досегашните демографски процеси, меѓутоа нив.ното значење е, бездруго, меѓу најважните. Затоа може слободно да се констатира дека во досегашниот развиток на населеноста на овој простор овие законитости не се во доволна мерка согледани и почитувани, заради што нивното влијание стихијски ги одредуваше најновите правци на движењето на популацијата во нив како основен витален елемент. Оттаму сосема оправдано кога сега се разгледува оваа проблематика се поставуваат повеќе прашања, а особено како може да се намали и прекрати негативниот популациски биланс. Гледано од витално популациски аспект сегашната демогеографска ситуација е таква што речиси, во сите села не постојат никакви можности врз основа на кои во блиска перспектива може да се измени положбата. Во таа смисла многу се дискутабилни и редица планови од стопански карактер кои би можеле да донесат нови импулси и надежи за барем делумна ревитализација на одреден број села. На ова место ќе ја истакнеме само уште комплексноста на споменатава проблематика и потребата од решавањето на овие прашања, повеќе од аспект на детално научно разработени и фундирани зафати.

## IV. СОСТОЈБА И ПРОБЛЕМИ НА СОВРЕМЕНАТА ИНФРАСТРУКТУРНА ОПРЕМЕНОСТ НА СЕЛАТА

Регионот на Мариово, а со тоа и неговиот населбински систем дури во последната декада позабрзано започнува да се вклучува во крупните територијални инфраструктурни

системи, како сообраќајната мрежа, електрификацијата или отворањето и активирањето на природните ресурси: дрвото, јагленот, дијатомејската земја и др. Во врска со тоа се и најновите значајни откривања на разновидни рудни богатства, кои најверојатно на овој простор и на неговите населби ќе даде нов поттик во перспективниот развиток. Тоа дотолку повеќе што најголемиот дел од мариовскиот простор има огромно значење како пограничен и периферен дел од нашата Република. Досегашните крупни проблеми, со кои, како што понапред беше изнесено, се среќаваше и се среќава овој регион во популациското движење, а се непосредна последица од доцнењето и ненавременото пошироко општествено ангажирање и инвестирање во порамномерниот просторен распоред на материјалните потенцијали, со неколку крупни зафати во последната декада securities се надминуваат. Но веднаш се поставува прашањето какви ќе бидат ефектите од неколкуте капитални зафати, кога сегашната демографска си-туација а особено во тој поглед во значајна мерка ослабениот работоспособен потенцијал поради интензивните иселувања, не е „розова". Меѓутоа, во секој случај, изградбата на трите регионални патни правци од најблиските централни места имаат огромно значење за стабилизирање и поттикнување на нови напори за зајакнување на мрежата на населбите во иднина. Тоа секако ќе предизвика и крупни промени во натамошната диференцијација во големината и централноста на мрежата на селата, а особено во тој поглед треба да се форсира јакнење на неколку помали секундарни центри кои во значителна мерка ќе ги намалат негативните последици од слабите можности за територијално контактирање на мариовските села со главните и цен-трални градски населби во поширокиот регион.

Зо сегашната сообраќајна инфраструктура очигледни се недостатоците од понатамошна изградба на локални асфалтирани правци кон селата кои непосредно гравитираат кон веќе изградените регионални сообраќа.јници. Овој факт најдобро го потврдува податокот дека денес (1981 година), асфалтираните ленти допираат само до две села (Маково и Витолиште), а исто така две села засега се поврзани со макадамски пат (Рапеш и Манастир); додека најголем број од населбите има излез кон модернизираните патишта исклучиво со само просечени земјени коловози кои во одредени временски услови не се проодни за моторни возила. Татков е случајот со вкупно 17 села, од кои најголем број се наоѓа во прилепскиот дел од Мариово.

Од крупните инфраструктурни системи ќе го наведеме уште само негативното влијание врз популацискиот развиток на електроенергетската мрежа, која денес, за разлика од пред десетина години, го покрива речиси целиот простор, со исклучок на две села во битолскиот дел (Будимирци и Груништа). Меѓутоа, мошне е релевантен и од ретроспективен аспект значаен податокот дека се до 1963 година најголем број од селата се уште не беше во мрежата на електроенергетскиот пренос. А тоа е временски период кога расчекорот на дихотомијата село — град и интересот на селското население за преселување кон градовите воопшто во СР Македонија и посебно во овој регион кулминираше со масовни иселенички бранови.

Од крајот на минатата декада речиси сите села во Мариво беа изложени на масовна депопулација која покрај со горните елементи, треба да се поврзе и со соодветни проблеми во земјоделското производство, особено сточарството, како главно и основно занимање на поголемиот дел од населението. Од особено значење е намалувањето на улогата на земјоделските задруги во коопериравњето и обезбедувањето откупот на сточаржите

про-изводи и нивната преориентација на други дејности. Овој процес не е соодветно следен со територијална дисперзија на помали индустриски и занаетчиски погони, кои и денес во овој простор, со исклучок на истурените ревири на шумските стопанства за сеча на дрвата во Витолиште и Старавина — Градешница, воопшто ги нема.

Од особено значење за поинтензивниот развиток на некои села, посебно од кавадарскиот дел на Мариово е воозобновувањето на рудната експлоатација за потребите на „Фени", но според теренските истражувања може да се заклучи дека само незначителен број од населението од околните села е вклучен во рударската и придружните дејности на оваа активност. Наспроти тоа, на пример, во минатото во времето на отворањето на рудникот 1889—1891 година, (3,326). Ј. Цвииќ наведува дека „со започнувањето на првите рударски работи, обично годишно биле вработувани по околу 120 работници, но бројот се наголемувал и на 400, а работниците биле селани од околните села". Денес наспроти тоа, според прибраните информации, само дваесетина работници се од соседните села, додека сите други доаѓаат од Кавадарци, или привремено престојуваат во изградените рударски станбени комплекси. Причината за таквата состојба, исто така, лежи во релативно доцното реактавирање на овој рударски комплекс, тогаш кога веќе околните села популациски се испразнија и испустеа.

Во блиска иднина, а во зависнсст од новооткриените лежишта на рудни богатства, особено јагленот и др., треба да се очекува понатамошек процес на територијална дисперзија на разновидни капацитети од рударството и индустријата, што би требало да придонесе за идно јакнење на населеноста на овој денеска значајно испразнет демографски простор.

Перспективите во тој поглед треба да се бараат во позабрзаното рационално и планско активирање на можностите што ги нуди сточарскиот потенцијал, кој има огромна традиција, но на кое се до денес не му се посветува должното внимание.

Во понатамошното изнесување на сегашната инфраструктурна опременост на селата ќе се послужиме оо резултатите од теренските истражувања. Со оглед на тоа што соодветни податоци за други просторни единици во Р. Македонија, според белезите, не постојат, споредувањето како елемент за утврдување на фактичката состојба ќе изостане, но сепак имајќи макар и површни знаења по овие прашања, ќе можат да се изведат соод-ветни заклучоци за тоа во каква состојба денес се наоѓаат мариовските села.

Поради сосема неповолните сообраќајни прилики, денес од вкупно 29 села во Мариово, постојана сообраќајна врска со градските центри имаат само 11 села. Од нив четири се во битолскиот дел, шест во прилепскиот и едно во кавадарскиот дел. Меѓутоа, значајно е дека директна автобуска врска до селата доаѓа само во шест населени места, а во другите станиците се наоѓаат на 2—5 км оддалеченост од населбите. За другите 18 села битно е дека лежат на значителна оддалеченост од најблиските автобуски стојалишта, која се движи до над 20 км, (Будимирци или нешто помалку Груништа, Зовиќ, Врпско, Гудјаково, Живово, Галиште, Клиново и др.)- Ова е еден од крупните фактори кои и денес влијаат врз популациската динамика на мариовските села и формирањето на најновата демографска ситуација во нив.

Веќе споменавме дека до најново време освен истурените ревири на шумското стопанство, експлоатацијата на дијатомејската земја и рудните богатства во кавадарскиот дел, ниту еден друг објект од секундарната област во

Мариово не постои. За развојот на социјалистичкиот сектор во областа на земјоделството значајни се земјоделските задруги, кои порано ги имало повеќе, но денес постојат само во селата: Маково — 33 „Мариово", Старавина — 33 „Илинден", каде се наоѓа и ревирот на ШИК „Кајмакчалан" и во селата Орле и Градешница, кои претставуваат истурени пунктови на споменатите задруги. Влијанието на ЗИК „Пелагонија" сосема слабо се чуствува, и тоа исклучително преку создавање на кооперативни односи и откуп на сточарски производи. Тоа само по себе зборува дека земјоделското производство е препуштено на иницијативата на индивидуалниот сектор, кој барем засега, со оглед на редица околности, ниту оддалеку не ги постигнува очекуваните резултати, особено на планот на овчарството за кое постојат извонредни услови и кое, како што понапред наведовме, претставува главна и потен-цијална традиционална гранка на сточарството во овој регион. Кооперацијата со постојните задруги и ЗИК „Пелагонија" карактеристично е уште за некои села однасно домаќинства (Рапеш, Зовиќ и др.), но може да се заклучи дека тоа е на мошне низок степен на развиеност, што има соодветни негативни последица и за развојот на населбинскиот систем.

Од другите инфраструктурни објекти кои служат за задоволување на основните потреби (трговија, образование, култура, здравство, водоснабдување и др.), положбата и денес е мошне незавидна и овој регион го става во подредена улога во однос на која и да било друга област во Р. Македонија.

Денеска во рамките на населбинскиот систем, освен продавници со мешана стока, никаков друг објект од сферата на трговијата и услугите не постои. Тоа значи дека населението и покрај неповолната територијално гравитациска положба во однос на градовите, за задоволувањето на основните потреби е со голема зависност упатено на нив и на други крупни трошоци. Всушност, според состојбата од 1981 година, само во 15 села постојат продавници (6 во битолскиот 8 во прилепскиот и 1 во кавадарскиот дел), додека другите села се упатени кон овие објекти за снабдување или кон градот. Во Старавина и Градешница постојат објекти од гостилнички карактер, кои служат за задоволување потребите на сезонските работници во шумското стопанство. Со оглед на се поголемата експанзија и потребата од туристичко активирање и валоризација на природните убавини на Ниџе со Кајмакчалан и Кожуф, потребно е во иднина да се преземат иницијативи и на тој план, што би имало значајни реперкусии и во развојот на селата.

Територијалната дистрибуција на месните канцеларии и месни заедници како основни клетки на политичкото и самоуправното организирање и дејствување на власта, ако подетално се анализира, исто така, покажува одредени недостатоци кои битно влијаат на условите на остварувањето на овие права и потреби на населението. На подрачјето на битолскиот дел постојат месни канцеларии во Маково, во кое се сконцентрирани и сите административно-управни функции за селата од левата страна на Црна Река и во Старавина, која од порано има улога на позначајно централно место за селата од десната страна на спомената река. Во прилепскиот дел на Мариово месни канцеларии има во Бешиште, Витолиште, Душе, Крушевица, Чаниште, села кои и денес во позначаен обем го задржале бројот на населението. Додека во кавадарскиот дел месната канцелариија е лоцирана во традиционалното средиште на овој дел на Мариово, селото Рожден.

Образовните и некои елементи на културните потреби на населението се задоволуваат преку мрежата на основните и четиригодишните училишта кои во 1981 година вкупно ги имало 13. Тоа значи дека во повеќе од половината села децата секојдневно се упатени на патување до местото на школувашето. Бројот на училиштата во минатото бил поголем, меѓутоа, од почетокот на последната декада, а особено од средината на последните десет години, тие нагло се затвораат, бидејќи е се помал бројот на учениците. Основни училишта на подрачјето на битолскиот дел има во селата: Маково и Старавина, кон кои гравитираат другите 8 села од овој простор. Во прилепскиот дел има шест основни училишта (Бешиште, Вепрчани, Витолиште, Дуње, Крушевица и Чаниште) ,и две четиригодишни (Полчиште и Кален), во кои бројот на учениците е во нагло опаѓање и претстои затворање на некои од нив во наредниот период. Библиотеките како придружни објекти ги има само во четири села, односно во училиштата, а интересно е дека ниту едно од селата не располага со кино-сала. Исто така не постои организирано културно уметничко друштво, спортско друштво и сл. Недоволната културна и политичка активност и организираност се гледа и од фактот што во овој простор дејствуваат само пет основни организации на СК.

Функцијата и потребите на поштенскиот сообраќај се остваруваат само преку шест пошти (Маково, Старавина, Бешиште, Витолиште, Дуње и Рожден), кои имаат и телефонска врска со градовите. Преостанатите села се уште немаат ПТТ — врски со централните населби.

Здравствените потреби на населението се задоволуваат преку седум здравствени пункта, главно, амбуланти во кои нема постојани лекари, туку ординирањето се изведува два-три пати неделно. Овие објекти се размеетени во селата: Маково, Старавина, Бешиште, Витолиште, Дуње, Полчиште, Крушевица и Рожден.

Водоснабдувањето на селата се до најново време се одвива на традиционален и нехигиенски начин, исклучително преку директно користење на природните извори или нивно претворање во чешми. Откриени извори без изградени чешми се користат во селата: Брник, Живово, Манастир, Галиште, Клиново и др. Но, на најголем број од изворите се изградени чешми, речиси во 4/5 од селата, на кој начин делумно е заштитена водата од загадување. Се уште ниту едно село не располага со водоводна мрежа, а во тек на изградба е во селото Маково и еден дел на Старавина. Поеќето од селата во зарамнетите делови-полозите, за водоснабдување користат бунари.

Од краткиот преглед за инфраструктурната опременост и состојба во марииовските села и промените кои во тој поглед ги доживеале се до најново време, може да се констатира дека во нив се уште не се извршени елементарни измени и не постои поинтензивен пробив на основните елементи на современиот начин на живот. Тие во голема мерка го задржуваат традиционалниот начин на селско живеење, а просторното ширење на елементите на урбанизацијата и напоредно со тоа трансформацијата на патријахалниот начин на живеење во оваа средина досега мошне бавно се одвива.

## V. ФУНКЦИОНАЛНИ БЕЛЕЗИ И ТИП НА СЕЛАТА

Мариовските села, како и воопшто сите села во нашата Република, се до најново време се развивале исклучително како монофункционални населби. Но, за разлика од појавата

на современите процеси на функционална диференцијација на сел-та од поразвиените економски целини и прераснувањето на одделни населби во повисок ранг, во просторот на Мариово и денес во целост отсуствуваат вакви трансформациони процеси. Ваквата состојба, како што во претходните анализи беше изнесено, е во голем дел последица од комплексното влијание на редица социогеографски фактори а самиот факт што во овој релативно голем простор според површината и поранешниот број жители и населби не се развил центар со повеќе функции, има огромно повратно негативно дејство за целиот населбински систем. Всушност, може да се констатира дека неповолното регионално геофафско и гравитациско поврзување на мариовските села со околните градски населби и отсуството на локално полуфункционално средиште во рамките на постојната хиерархија на населените места, зазема едно од позначајните места во комплексот на територијалните и воопшто социогеографските фактори кои негативно влијаеа врз популацискиот развиток на овој простор.

Анализите на оваа проблематика од ретроспективен аспект укажуваат дека монофункционалниот карактер и содржина на селата во Мариово се условени во преден план од факторите на природно-географската средина. Имено, значајните и квалитетни пасишни површини во услови на другите скромни можности за поинаков облик на стопанисување изразито го предодредиле сточарскиот функционален белег на селата. Колкаво значење и влијание за овој регион и за селата имале природно географските фактори, зборува фактот што до крајот на I-та светска војна, во рамките на населбинскиот систем, покрај тоа што сточарството било главно занимање за постојните мариовски села, имало и поголем број привремени летни сточарски населби на падините на Ниџе и Кожуф. До поставувањето на границите на југ и прекинувањето на номадските и полуномадските сточарски движења кон солунската кампања, сточарството било основен извор за економска егзистенција на селото. Во периодот меѓу двете светски војни сточарството нагло опаѓа, со оглед на тоа дека површините за зимска исхрана во Тиквешијата, кои тогаш се користени, значително се помали и поограничени. Но, и покрај тоа, некои позначајни промени во функционалната содржина на селата не се случуваат. Всушност, карактеристично е дека и покрај мошне ограничените можности за поразновидни облици на стопанисување, за сите села од Мариово заедничка одлика е отсуството на појавата на печалабрството, толку значајно за другите пасивни подрачја и села во Р. Македонија. Имено, освен краткотрајните сезонски економски миграции кон житородната Пелагонија во склоп на жетварските работи, населението од мариовските села не учествувало во друг облик на печалбарска заработка. Оттаму и оваа функција, со која се одликувале голем број села од југозападна или североисточна Македонија, не била застапена во Мариово.

Во периодот на интензивните емиграциски бранови на работната сила кон традиционалните земји на имиграцијата (особено Австралија) и западна Европа, значаен број од активното население ги напуштил селата во Мариово. Тоа е мошне карактеристично за населбите од битолскиот дел, кои предимно се упатувале кон Австралија, а еден значаен број од иселениците ја напуштил земјата семејно, со што привременото вработување често се претворило во трајна емиграција. На тој начин овој облик на стопанско ангажирање немаше битно влијание за некои прогресивни промени во функциите на селата, би-дејќи и тие работници

кои ќе се вратеа се отлселуваа во најблиските градови, предимно во Битола (од оелата Рапеш, Маково, Орле и др.) и таму ги инвестираа заштедените средства.

Пробивањето на посовремени и економски значително поефективни функции, како рударството од крајот на минатиот век или пак експлоатацијата на шумскиот фонд, освен во нивниот почеток, понатаму немаше некое поголемо значење се до последната деценија. Така, напоредно со геолошките истражувачки работи и откривањето на значајни рудни богатства, во најново време се врши вклучување на населението во секторот на рударството, но тоа барем засега не е развиено во таков обем за да има поголемо значење за посодржајно функционално опремување на селата во Мариово. Имајќи ја предвид сегашната демографска ситуација и плановите за идно активирање на одделни видови рударски и други активности, забележлив е очигледен расчекор меѓу плановите и потребите од навременото инвестирање во овие дејности. Од тој аспект треба да се потенцираат прашањата за реалноста и можностите за покрупни инвестициони зафати, особено од обласга на рударството и нивното влијание врз ревитализацијата на мариовските села.

Од историски аспект, што се однесува до постоењето на административно-управни функции и нивното значење за развојот на одделни села, може да се заклучи дека до крајот на турското владеење и завршувањето на I-та /светска војна, тие биле карактеристични за селата Витолиште, Дуње и Старавина. Во нив заради реализирање на власта биле сконцентрирани одделни административно-управни функции и тие, како, на пример, селото Витолиште, имале статус на седиште на мудир но, и покрај тоа, заради ограничените стопански можности ниту едно од овие села не прераснало во повисок ранг на населено место во хиерархијата на мрежата на населбите во Мариово.

Во периодот на II-та светска војна и ослободувањето, се до средината на шеесеттите години и преминувањето на сегашната административно-управна поделба, мариовските села припаѓале на повеќе помали општини, како што и денес оваа просторна целина е разделена на три општини. Ваквата состојба има одредени реперкусии врз целокупната социогеографска положба, развој и функционална насоченост на селата во Мариово.

Во немање на соодветни податоци за подетална илустрација на монофункционалната, односно изразито аграрно-сточарската функција на селата на Мариово, ќе се послужиме со официјалните статистички податоци за активноста и професионалната структура на населението и изворите на приходите на домаќинствата. Според овие податоци, во просек, во мариовските села од вкупниот број активно население во 1953 година само 65 лица или 0,9% било ангажирано во индустријата, а бидејќи такви објекти на територијата на регионот не постоеле; овие работници беа вработени во фабриките на најблиските централни градски населби. Бидејќи до 1971 година во обласга не е отворен ниту еден позначаен индустриски или рударски објект, бројот на вработените во овие дејности, иако, речиси, се зго-лемува за двапати (128 работници), нивното учество во вкупното активно население не покажува некое битно наголемување (2,4%). Далеку позначајно е ангажирањето во шумарството, но во разгледуваниот период е карактеристично намалувањето на бројот на вработените од 343 на 235 работници. Во релативен поглед во однос на вкупниот број активно население, учеството на вработените во оваа дејност се движело од 4,9% во 1953 година до 4,4% во 1971 година. Во сите друпи дејности од секундарниот и терцијалниот сектор (градежништвото, занаетчиството, сообраќај, трговија, угостителство, здравство, образование, управа и др.) бројот на вработените во периодот 1953—1971 година рапидно се наголемувал, но во вкупното учество тој

во просек се движел околу 4,0%/о во 1953 година, односно 7,4% во 1971 година. Наспроти тоа, во примарниот сектор, кој во основа го определува монофункционалниот карактер на мариовските села, учеството на ангажираната работна сила во вкупното активно население се движело во 1953 година 87,4%, а во 1971 година 78,8%. Во апсолутни бројки во истиот период забележлива е тенденција на намалување на вработените во овој сектор од 6029 лица во 1953 година на 4154 во 1971 година, што е повеќе условено од интензивниот процес на иселување на аграрното население надвор од подрачјето на Мариово, отколку од процесот на трансферот во други стопански дејности. На работа во странство во 1971 година се наоѓале 416 работници или 7,9% од активното население.

Како резултат на одликите на наведената професионална структура на населението и во структурата на домаќинствата, според изворите на приходи, апсолутно преовладуваат земјоделските домаќинства. На нив во 1961 година се паѓале 1609 домаќинства или 66,1°/о а во 1971 година 1256 или 62,1%. Во категоријата на мешани домаќинства, според изворите на приходи, бројот во апсолутен поглед стагнира (476 во 1961 година и 481 во 1971 година), додека карактеристичен е процесот на намалувањето на неземјоделските домаќинства од 349 во 1961 година на 283 домаќинства во 1971 година. Ваквите структурни промени, спротивни на најопштите тенденции во движењето на овие процеси во најголем дел во руралната средина во Р. Македонија, главно, се последица на динамичниот процес на иселувањето на целокупните домаќинства, особено на оние кои изворите на приходи ги остварувале надвор од земјоделството.

б) *Тип на селата*

Основниот тип и физиономскиот облик на селата во Мариово е во најтесна врска со сите природно-географски фактори, особено со орографскиот склоп, како и со промените во географксо-историски поглед кои настанувале во обемот и начинот на искористувањето на природните богатства, односно оо доминантниот облик на стопанисување.

Современата физиономска структура на селата во Мариово во основа се карактеризира со збиен тип населеност на просторот во кој се среќаваат и неколку карактеристични исклучоци односно варијетети. Збиениот тип на селата се карактеризира со тоа што куќите со дворните површини заземаат мал простор и се една во однос на друга најчесто неправилно подредени односно расфрлени, што е, главно предиспонирано и ограничено со локалните природни, всушност орографгки особености. Меѓутоа, кај селата кои во историски поглед имаат помало или поголемо значење на централни места кон кои традиционално се упатени во административен или економски поглед повеќе околни села, забележлива е појава на улици кои радијално се слеваат кон центарот на селата, односно сред село. Таков е случајот со Витолиште, Дуње, Чаниште и др. кај кои според искористуваниот простор и природата на изградбата на објектите е овозможено релативно поволно внатрешно функци-онално уредување на куќи за станување и помошни згради.

Еден број села кои имаат долинска положба и се протегаат од двете страни на реките или пак селата разместени по должината на поважна сообраќајна комуникација иако во основа се од збиен тип имаат издолжен или низен тип на распоредот на куќите, односно внатрешната организација

на објектите. Таков е особено случајот со селата: Бешиште, Маково, Градешница и др.

Збиениот тип села во Мариово најверојатно потекнува од раниот период на освојувачките походи на османлиите, до кога предимно сточарскиот облик на стопанисување ја условувал населеноста на просторот со бројни „селца" и „маала", со исклучително сточарско население. Но, поради потребата во новонастанатите историско-политички услови за подобрување на одбраната, зачувување на имотот, односно јакнење на одбранбената функција на населените пунктови, се одвива процес на нивно прегрупирање, популациско зголемување и истовремено изградба и користење на најпогодните локации. Затоа може да се констатира дека денешниот тип села, кој е во тесна врска оо стопанската активност на населението и неговата социоекономска положба, во Мариово е нераскинливо поврзан и со историско-општествените услови во минатото и со одликите на видот на искористувањето на природните погодности.

## VI. ЗАКЛУЧНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Современата состојба на селскиот населбински систем во Мариово е непосредна последица од автохтоните специфичиости на историскиот и стопанско-географскиот развиток на овој простор и нивното меѓусебно содејство со условите на природно-географските особености на обласга.

Мошне интензивните процеси на повоениот стопански развиток и паралелно со нив одвивањето на процеоот на концентрацијата на материјалните вредности и населението во градските центри, предизвикаа крупна територијална диференцијација во мрежата на населбите која во Мариово имаше крупни последици. Иако овие последици се од најразлична природа, тие во селата на најизразит облик се манифестираат преку појавата на тотален рурален ексодус, односно одвивање на механичка, а во најново време и на природна депопулација. Всушност, неуважувањето на основните законитости на рамномерен просторен развиток со соодветна политика на вложувања за поттикнување на производните активности, особено од обласга на сточарството, напоредно со долготрајно одржување сообраќајна изолација на селата, придонесоа Мариово денес да се вброи во најзаостанатите и најпасивни простори во Републиката. Како резултат на тоа, денешната мрежа населби во целина и одделно се одликува со сосема нарушени односи, особено во структурата на нивниот витално-демографски потенцијал. Оттаму сосема е разбирливо поставувањето на прашањето за очекуваните позитивни ефекти од преземањето на најразновидни активнасти за подобрување на состојбата. Во тој поглед особено треба да се има предвид спомнатата неповолна демографска ситуација во селата.

Всушност, денес кога веќе се располага со сигурни информации за одделни видови економски рентабилна експлоатација на новооткриените природни богатства во овој простор (јаглен и други руди, богатството на шумскиот фонд, запоставените квалитетни пасишни површини и др.), очигледен е временскиот расчекор меѓу инвестиционите вложувања и можностите за ревитализација на предимно старата демографска маса во одделни селски населби. Во таа смисла во иднина треба плански да се спроведува процесот на прегрупирање на селата и создавање секундарни центри со значен функционален капацитет, кои можат во просторот да играат позначајна гравитациска улога, односно да се јавуваат како услужни центри.

Од досега извршените социогеографски проучувања и веќе понапред изнесените резултати, може само во глобал да се даде теоретска основа за идните најнужни правци за развојот на системот на населените места. Тоа дотолку повеќе, што за поцелосно односно комплексно согледување на сегашните проблеми од развојот на селата, потребни се далеку пообемни и поразновидни проучувања кои во себе треба да ги содржат, речиси, сите аспекти на научното осветлување на руралната средина и нејзината населеност. Но, имајќи ги предвид само извршените проучувања и анализи, моделот на перспективниот развиток на населбинскиот систем во овој простор би можел и пожелно би било да ги има следниве просторно гравитациски и функционални карактеристики;

а) формирање три микрорегионални секундарни центри

Витолиште, Маково или Старавина, односно Рожден или Мрежичко, кое не е вклучено во дооегашните анализи, бидејки не влегува во составот на границите на Мариово иако е во неговата непосредна близина, но може да има централна улога за кавадарскиот дел со оглед на најновите процеси на јакнењето на рударската активност во неговата близина);

б) создавање повеќе локални центри: Дуње, Чаниште, Рапеш, Зовиќ, Рожден и др. и

в) мрежа од сите други постојни села, од кои оние што се на пат на целосно раселување и раселеното село тешко би можело да се ревитализираат и вклучат во идниот населбински систем. Овие населби треба подобро оообраќајно да се поврзат со микрорегионалните центри или преку локалните центри директно да гравитираат кон повисокиот ранг населби.

Функционалната содржина и насоченост на микрорегионалните центри во детали тешко можат да се определат само со овие проучувања, но во глобал за проширување на нивното гравитациско влијание и воопшто улога во просторот би требало да располагаат со: објекти од секундарен сектор кои би привлекувале и дневна миграција на работна сила од околните селски населби; одредени дисперзирани административно-управни функции и културно-образовни институции и центри на реформираното насочено образование за подготовка на кадри за локалните потреби, како и здравствени објекти со аптека.

И колку изнесените глобални размислувања да претставуваат тешко остварлива и нереална функција, иднината на мариовските села треба да се бара и потпира во што побрзо решавање на натрупаните проблеми од социјална, економска и особено инфраструктурна сфера.

Во донесувањето на решенијата за основните правци на понатамошниот развиток на населбинскиот систем во прв ред треба да се почитуваат економските законитости, но истовремено треба да постои значителна еластичност, за да се компензираат досегашните пропусти и по цена на поголеми отстапувања зашто конечно Мариово е периферна и погранична област, но и мошне заостанат ридско-планински простор, кој заслужува и неодложно бара понатамошно полно ангажирање не само на локалните општински центри, туку и на пошироката општествено-економска заедница.